Inicijativa za REKOM
Initiative for RECOM
Иницијатива за РЕКОМ
Nisma për KOMRA
Pobuda za REKOM

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ**

**Злоупотреба на невладините организации во контекст на соочување со минатото**

*21.06.2012.*

Некои медиуми во БиХ и претставници на Хелсиншкиот одбор за човекови права во Република Српска упорно изнесуваат неточни информации за процесот РЕКОМ, за придвижувачите и за јавните заговарачи на Иницијативата зборуваат со јазик на омраза и шират ставови кои се во длабока спротивност со основните принципи на транзициската правда, со што ја злоупотребуваат организацијата во чие име зборуваат. Во издание на „Press“ од 20.06.2012. година, отидоа и чекор понатаму. Мошне отворено, со силна поддршка на новинарите на тој весник , Бранко Тодоровиќ, претставник на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Српска се валкаат професорот Здравко Гребо, театарскиот режисер Дино Мустафиќ, новинарката Џенана Каруп-Друшко, придвижувачот на Иницијативата, Наташа Кандиќ и Пјер Мирела, директор на оделението на ЕК за западен Балкан. Наспроти јавните извештаи на странските ревизорски компании без ниту една забелешка, Тодоровиќ продолжува да изнесува неточни тврдења – дека проектот е пропаднат и дека донациите се трошат ненаменски, меѓу другото и на хонорари за заговарачите. Вистина е дека заговарачите немаат хонорари, дека тоа го прават волонтерски, од уверување за определеност кон проектот и кон идејата за основање на РЕКОМ.

Загрижувачки е што во ставовите на претставниците на споменатите организации е нивното неразбирање на улогата на невладините организации во процесот на соочување со минатото. Во споменатиот  текст во „Press“, Бранко Тодоровиќ го изнесува ставот дека РЕКОМ  „го саботира секој обид на домашните институции да стават точка на настаните од деведесеттите години“ , за во исто време да ја изрази и загриженоста и за тоа „што луѓето од РЕКОМ се обидуваат да го спречат формирањето на државните комисии за утврдување на вистината за настаните од изминатите војни“ .

Нешто порано, од истата организација е лансирано предупредување дека РЕКОМ е потенцијална закана за повторна агресија врз БиХ. На тркалезната маса на Комитетот за човекови права на Советот на Европа, одржана во Сараево, во март 2012., претставничката на Хелсиншкиот одбор за човекови права на РС, Александра Летиќ го повика Томас Хамарберг и другите меѓународни институции да се откажат од заложбите за основање на РЕКОМ „зашто основањето на РЕКОМ би била уште една агресија врз БиХ“ .

Ја користиме оваа можност уште еднаш да потврдиме дека профеесионално и активистички сме решени да не дозволиме државните институции и некои невладини организации, како Хелсиншкиот комитет за човекови права на РС, да стават точка на настаните од деведесеттите години. Ќе се залагаме нашето тешко наследство да остане отворена книга, напишана врз утврдени факти и за идните генерации. Истакнуваме дека со сето срце и знаење се залагаме за основање на Регионална меѓудржавна комисија за утврдување на фактите за сите воени злосторства, цврсто уверени дека РЕКОМ нема алтернатива. Предупредуваме на штетноста која може да ја претрпи актуелниот обид на државните институции на БиХ во изградбата на стратегија на транзициската правда со ангажирање на претставниците на Хелсиншкиот комитет за човекови права во РС кои заговараат точка на воените настани. Им се заблагодаруваме на Европската комисија и на другите институции кои го препознаа потенцијалот на Иницијативата РЕКОМ во изградбата на мирот и на помирувањето во регионот на поранешна Југославија.

**Здравко Гребо,** професор на Правниот факултет во Сараево, решителен заговарач на Иницијативата РЕКОМ
**Џенана Каруп-Друшко** , новинарка, решителен заговарач на Иницијативата РЕКОМ
**Дино Мустафиќ,** театарски режисер и решителен заговарач на Иницијативата РЕКОМ
**Наташа Кандиќ**, заговарач за вистина и за правда и на Иницијативата РЕКОМ